**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ЧЕВРТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 30.05.2019 година

**СКОПЈЕ, МАЈ 2019 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и четвртата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.05.2019 година**

Седницата започна во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Игор Цветков - претставник на земјоделците од село Страчинци, претставник од Центарот за економски анализи, Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

Од страна на членовите на советот беа предложени следните изменувања и дополнувања на предложениот дневен ред:

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

**11.** Расправа по информација за дадена согласност од Градоначалник на Општина Гази Баба, за отварање на Центар за зависници од дрога, на територија на Општина Гази Баба;

**12.** Расправа по информација за постапка пред Уставен суд на РСМ по Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-828/6 од 14.03.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/17) - У.бр.123/18; и

**13.** Расправа по информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент".

Со предлог за изменување на предложениот дневен ред и тоа: Точките 11, 12 и 13 да бидат разгледувани како точки **"1", "2" и "3".**

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**Ја повлекувам** точка 9 од предложениот дневен ред: Предлог - Статутарна Одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба.

Несомнено е дека оваа обрска е во согласност со Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.6/19) и Одлуката за прогласување на Уставниот закон за спроведување на Амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.6/19) а во врска со заклучоците од 123-тата седница на Владата одржана на 25.02.2019 година, заради извршување на обврските согласно Преспанскиот договор. (*Во понатамошниот тек на дискусијата ги образложи предложените акти (точка 8 и точка 10) во согласност со Статутот на општината)*. Му предлагам на советот да ги прифати двете иницијативи. Што се однесува до печатот на општината, ова е затекната ситуација. Имено согласно Законот за печатот на Република Македонија и за печатите на државните органи во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.86/08) не постои законска обврска во печатот на општината да се наведува името на државата, од причина што општината не ѐ државен орган. Што се однесува до инцијативата за отпочнување на постапката за изменување на грбот и знамето на општината, Општина Гази Баба е единствена општина во државата која има назив на држава во грбот на општината.Важно е денес да се отпочнат или да не се отпочнат постапките.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Повторно ги наброи предложените точки и ја образложи итноста за истите.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"11"** и разгледување како точка **"1"** беше ставен на гласање и усвоен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"12"** и разгледување како точка **"2"** беше ставен на гласање и усвоен со **24 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"13"** и разгледување како точка **"3"** беше ставен на гласање и усвоен со **15 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Се констатира дека Градоначалникот на Општина Гази Баба **ја повлече** точка **"9"**.

Претседателот на Советот констатираше дека предложените точки "11", "12" и "13" се составен дел од предложениот дневен ред и ќе бидат разгледувани како точки **"1", "2" и "3"**. Точките редоследно од 1 - 8 ќе бидат разгледувани како точки редоследно од **4 - 11**, а точката 13 ќе биде разгледувана како точка **"12"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 15 минути** (по сопствена оцена). Се задолжува стручната служба да изготви предлог дневен ред со претходно усвоените измени и дополнувања.

**По паузата.**

За работата на седницата со **19 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Расправа по информација за дадена согласност од Градоначалник на Општина Гази Баба, за отварање на Центар за зависници од дрога, на територија на Општина Гази Баба;
2. Расправа по информација за постапка пред Уставен суд на РСМ по Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С 17 Блок 1, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-828/6 од 14.03.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/17) - У.бр.123/18;
3. Расправа по информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент";
4. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2019 година;
5. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;
6. Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
7. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
8. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Реконструкција на регионален пат Хиподром - Илинден";
9. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100 метри преку делумно уредување и покривање на каналот во село Сингелиќ, Општина Гази Баба - I фаза";
10. Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација;
11. Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба; и
12. Предлог - Одлука за утврдување на оправданост за отпочнување на постапка за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба.

*Коментар од стручната служба:*

*Пред преминување на претрес по точките од утврдениот дневен ред, претседателот на советот му даде збор на присутниот г-дин Игор Цветков. Предмет на дискусијата во која покрај присутниот учествуваа и*

*Градоначалникот на Општина Гази Баба, претседателот на советот и членот на советот - д-р Сашо Кутлешовски, беше постапката пред владината комисија за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди во врска со штетатата на земјоделските култури од природната непогода (невреме) на 06.05.2018 година, која зафати дел од Општина Гази Баба .*

**ПРВА ТОЧКА: Расправа по информација за дадена согласност од Градоначалник на Општина Гази Баба, за отварање на Центар за зависници од дрога, на територија на Општина Гази Баба.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Сакам да реагирам процедурално за односот на Градоначалникот на Општина Гази Баба и општинската администрација, од причина што на ден 22.05.2019 година во 09:58 часот беше испратен e-mail до стручната служба со која побарав да ми се достави Решението - Одобрението на кое се повика Министерот за здравство во изјава за медиумите од 21.05.2019 година, со кое Општина Гази Баба дала согласност за отворање на центарот за зависници на територија на Општина Гази Баба. Меѓутоа, до денот на одржување на седницата на советот а во спротивност со член 60 од ЗЛС, тоа не è сторено. Како советник имам право на тоа и одтука опстојувам на моето барање да ни се достави решението за давање на согласност. Според мои информации таков акт постои во министерството за здравство и е издаден од општината. За да можеме да дискутираме треба истиот да го имаме пред нас, за да најдеме заедничко решение. Претходно имавме ваков проблем кога општинската администрација постапуваше по ваши насоки.Претседателе барам да ни се достави тоа решение.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Градоначалникот исто како и советот има право да кореспондира со органи. Управна постапка за градење, одобрување или дозвола за градба не сум издал. Единствено согласно добра волја наша и на министерството имаме намера да дискутираме. Општината ниту има надлежност ниту може да се меша во постапка која е во исклучива надлежност на министерството за здравство. Ние секако како општина стоиме на располагање за да се диксутира. Посочената локација е приватен имот. Министерството имало разговори со сопственикот, значи ниту градоначалникот ниту советот може да се договара околу ова. Имаме 560 регистрирани наркозависници на метадонска терапија. Затоа побарав од министерот за здравство да дојде лично во општината и пред вас да ја објасни намерата на министерството за дислокација на центарот за наркозависници на територијата на општината, како што впрочем и беше изјавено на медиумите. Секојдневно до мене стигаат петиции како од загрижени граѓани така и од правни лица кој се загрижени за безбедноста. Општината неможе да даде одобрение за работи кои не се во надлежност на општината. Затоа сакам наскоро да оствариме средба со министерот. Ниту јас ниту советот сме надлежни за оваа проблематика. Да видиме дали има и други можни локации за дислокација на центарот. И мене искрено не ми е јасно што се планира. Од ова не треба да се прави ниту сензација ниту да имаме непотребен сомнеж. Целиот концепт треба да објаснат претставници од министерството за здравство и министерот лично. Пак ќе повторам дека ниту јас ги немам целосните информации.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник ја знаеме вистината а тоа е дека сте потпишале решение за давање на согласност. Јас го имам видено тој документ. Не е во ред да не го дадете на увид пред советот. Јас можам и согласно закон да поднесам и барање за пристап до информации од јавен карактер, па ќе чекам 15 дена не ѐ проблем. Ниту сте сопственик на општината, ниту можете вака да се однесувате. Го бараме решението за давање на согласност заради запознавање со содржината. Немате право да ги криете документите исто како што советот нема право од вас да ги крие документите. Да не се лажеме и надмудруваме, значи сте издале не одобрение туку решение да бидеме прецизни. А министерот за здравство слободно може да го дислоцира центарот на Водно каде што живее. Министерот беше многу прецизен во дадената изјава пред медиумите. Јас незнам зошто останатите советници молчат, како да не ги интересира. Јас ви гарантирам дека на територија на Општина Гази Баба нема да се дислоцира центарот. Уште еднаш барам согласно член 60 од ЗЛС да го добиеме документот на увид. Имаме законско право на тоа.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Почитувани колеги дискутираме за многу важно прашање, кое знаеме какви проблеми предизвика за граѓаните во Општина Кисела Вода. Министерот беше многу јасен дека од страна на општината е издаден таков документ со кој е дадена согласност. Градоначалник, подобро е да го дадете на увид сега за да можеме сите да помогнеме. Сигурно сте биле и под притисок за да го издадете и тоа е во ред. Јас сум убеден дека и вие не сакате тој центар да биде дислоциран на територија на Општина Гази Баба.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Некој не ја говори вистината, тоа е очигледно. Само останува дилемата дали е тоа министерот за здравство или градоначалникот на општината. Министерот пред медиумите беше многу јасен иако и тој има историја да не ја говори вистината. Како вработена во Клинички центар имаме многу лошо искуство со наркозависниците. Дали во сето ова има и бизнис интереси поврзани со наркотици, но очигледно е дека и трендот на оваа власт е токму во таа насока. Градоначалник никој не е наивен верувајте, мора да знаеме на што сме и мора да ни го доставите тој документ што сте го издале. И јас како вработена во Клинички центар имам информации од ресорното министерство дека таков документ е примен во министерството за здравство.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ова многу не засега. Ќе ја дознаеме вистината.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас незнам зошто е проблем тој центар да си остане на локација во Општина Кисела Вода. Не е можно се што е лошо и негативно преку градоначалникот да се инсистира да биде во нашата општина. Зошто не се разговара да се гради Луна парк или нешто околу екологија. Што и е на оваа Влада јас незнам ?. Градоначалник рамислете добро зошто ви го прават ова, ова не ѐ во ред.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Мене лично ако ме прашате нема ни да разговарам околу ова. Ние не сме

против оваа категорија на лица, но говориме за приватен имот со чиј сопственик е разговарано претходно. Да завршам со следната реченица: Тој центар ниту ќе се дислоцира на територија на Општина Гази Баба, ниту пак тоа ќе биде во кругот на поранешната фабрика МЗТ и да завршиме тука со оваа тема.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Уште еднаш укажувам да не се крши законот. Имаме право како совет на примерок од документот кој вие градоначалник сте го потпишале а со кој сте дале согласност за дислоцирање на центарот за зависници. Ако не настапиме заеднички сите со цврст став дека нетреба да се отвори тој центар, истиот верувајте ќе се отвори. Најдобро е да ја задолжите службата тој документ да се умножи и да ни се подели. Се надевам дека градоначалникот ќе се вразуми. Укажувам и до општинската администрација дека со недоставување на тој документ за кој знаеме дека постои се крши законот и ќе биде поднесена соодветна претставка до МЛС-ДИЛС против градоначалникот и општинската администрација.

Барам пауза од 10 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 10 минути.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Не треба да се прават непотребни драми и советот да се става во улога на надзорен орган. Градоначалникот е посебен орган кој ја претставува општината. Целава работа не е ниту започната. Кога вие советник Трајковски ќе ја претставувате општината, тогаш ќе работите како што сакате.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Немојте да ми се заканувате, јас не се плашам ниту од вас ниту од оваа Влада. Еден ден ќе има одговорност. Можеби сега не функционираат институциите, но ќе дојде време кога ќе функционираат и ќе понесете одговорност. Општината не е ваша сопственост и тој документ немора сега да го давате на увид. Ќе ми го донесете на рака, верувајте.

Член на Совет - **Сашко Цветковски** (коалиција предводена од СДСМ):

Колега Трајковски се согласувам со вас. Но каде бевте кога градоначалникот Коце Трајановски кој не го критикувавте, го дислоцираше пазарот во нашата општина. Прашајте ги тие луѓе како живеат со секојдневни кражби. Тука е проблемот.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се согласувам колега Цветковски со вас. Градоначалникот Коце Трајановски направи грешка и затоа повеќе не е градоначалник, нема ангажман и седи дома. Народот не го гласаше. Еве ви ветувам дека ќе поднесам иницијатива за

дислокација на тој пазар и ќе го испратиме до Град Скопје.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Давам пауза од 15 минути.

**По паузата.**

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе, како предлагач на точките **"2"** и **"3"** поради отсуство на Градоначалникот истите **ги повлекувам**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2019 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2019 година, со **21 глас "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе ***(да не ги донесе)*** следните материјали:

- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга ***(се предлага да не се донесе)***;
- Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Реконструкција на регионален пат Хиподром - Илинден"; и

- Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100 метри преку делумно уредување и покривање на каналот во село Сингелиќ, Општина Гази Баба - I фаза"***(се предлага да не се донесе)***.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков**:

Да дадеме мало образложение зошто го подржуваме овој концепт. Станува збор за отпочнување на постапката во кој советот го има крајниот збор. Општина Гази Баба во периодот од 2014-2017 година од буџетот исплаќал по околу 52.000.000,00 денари, а приходите по основ на комунална такса биле околу 32.000.000,00 денари. Во светот доминираат дигиталните технологии или 5G технологии. Ние сметаме како општина дека треба да пристапиме кон сценариото 3Б кој значи дека годишно ќе се иплаќа најмногу до 12.000.000,00 денари кој се предмет и на негативна аукција, односно тој износ е максимален. Ние како општина ќе бараме и дел од заштедата од електрична енергија која ќе му припадне на приватниот партнер. Имаме околу 7.500 натриумови светилки кои во процесот ќе се заменат со лед светилки кои имаат заштеда по околу 50% од вкупната потрошувачка на електрична енергија. Со овој модел избраниот приватен партнер е обврзан да инвестира околи 1.67 милиони евра или 104.000.000,00 денари во лед светилки во ГУП опфатот (над 3.000 светилки) и натриумови светилки во руралниот дел на општината. Интелигентно управување на системот нормално ќе имаме само во ГУП опфатот. Со 5G технологијата ќе се овозможи управување со целиот систем од еден центар. Ние за 11 години во секој случај без имплементација на новиот систем би потрошиле 520.000.000,00 денари.

Претставник од Центарот за економски анализи - **Мирослав Трајановски**:

Потребата за донесување на оваа Предлог-Одлука е допрецизирање на претходно донесената одлука која впрочем е и во правна сила. Да потсетиме дека советот веќе донесе одлука за отпочнување на оваа постапка. Има одредени празнини во донесената одлука поради некоординираност од наша страна со стручната служба. Одлуката се допрецизира во делот на времетраењето на договорот и максималниот износ кој би го исплаќала општината а ќе биде предмет и на негативна аукција и се очекува дека истиот ќе се намали. Правно сме во "сива зона" односно има одлука во правна сила а истата има одредби кои не се докрај прецизирани.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Укажано е неколку пати и мислам дека е време да стане пракса. За вака важни одлуки е потребно претходно да се координираме како совет со градоначалникот а не тука да бидеме ставани пред свршен чин и ни се презентира некаков проект. Ние не сме доволно информирани освен дискусиите на присутните. Го поздравувам ставот на комисијата за локален економски развој како матично работно тело.

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков**:

Советот е потребно претходно да донесе одлука за сите важни стратешки прашања за општината.

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Претседателе, постојано се апелира на координација помеѓу советот и градоначалникот. Во Нацрт-Запинсикот од мината седница е нотиран ваш говор каде апелирате на координација и тоа е постојано, но за жал нема никаква иницијативност од советот. Ние како стручна служба ви стоиме на располагање околу координација со градоначалникот. Околу Предлог-Одлуката предмет на расправа, точно е дека донесената одлука на една од минатите седници беше избрзана и од тие причини сега е недопрецизирана.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да не бидеме разбрани погрешно, советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија" не е против овој проект. Во самата стратегија презентирана тука пред неколку седници имаше многу нелогичности кои општината како јавен партнер би ја ставиле во нерамноправна положба и би требала за 11 години да исплати над 400.000.000,00 денари.

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков**:

Да не бидам разбран погрешно, но за ова стратешко прашање е изготвена соодветна стратегија, па потребно е да се чита од советниците во целост, не велам дека не се чита, но ова е стратешко прашање. Само така можеме да ги соочиме аргументите

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Во однос на точката се сложувам дека за вака важно прашање е потребна сериозна дебата, но вие претседателе во вашата дискусија манифестиравте одредена сила на мнозинството, односно дека се зависи од вашата волја како мнозинство во овој совет. Да напоменам дека на седницата на комисијата и немаше конкретна дискусија за ова прашање од колегата Кутлешовски. Ова е сериозно прашање. Колегата Кутлешовски е стручен во својата област - земјоделство, но за овие работи и за ред други работи говори паушално.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, со **9 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2019 година.

Комисијата предлага Советот **да не ги донесе** следните материјали:

- Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
- Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
- Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба;
- Предлог - Статутарна Одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба; и
- Предлог - Одлука за утврдување на оправданост за отпочнување на постапка за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Би замолил за објаснување зошто не се прифаќа оваа Предлог-Одлука.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

На минатата седница на советот на која беа предложени истите точки, колегата Ристов не беше присутен. Ќе ги повторам причините: Овластениот градежен инспектор со оглед на обемот на својата работа е повеќе од потребен тука и доколку биде на располагање на друга општина ќе се зголеми бројот на бесправни објекти во нашата општина.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Причините за неприфаќање ги објаснивме на минатата седница. Тоа што градоначалниците на двете општини се договарале е нивна работа. Тоа што инспекторката некому пречи тука е посебно прашање. Имаме информации дека и градбата на Ремедика е бесправна градба. Таа неможе да постапува и да изврши увид на лице место, затоа што постојано се враќа назад. Таа неможе да си ја врши законски својата работа. Го замолив градоначалникот да остане на оваа седница и да ги слушне аргументите кои ги имаме како за овие точки така и за други точки, но очигледно е дека има поважна работа од советот. Сакавме да му докажеме што сторил во врска со Иницијативата бр.123/18 во врска со ДУП кај Железара пред Уставен суд, па отишол дотаму да комуницирал со e-mail со Уставен суд. Но ако не на оваа седница ќе има седници кога ќе мора да се соочи со нас.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка, со **8 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка, со **8 гласа "ЗА" и 15 гласа "ПРОТИВ"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Реконструкција на регионален пат Хиподром - Илинден".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Реконструкција на регионален пат Хиподром - Илинден", со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100 метри преку делумно уредување и покривање на каналот во село Сингелиќ, Општина Гази Баба - I фаза".**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Како советник од тој дел на општината го знам овој проблем и сме живееле со овој проблем. Тој канал се протега од Сингелиќ и завршува помеѓу Стајковци и Брањарци и е со должина од 2,5 до 3 км. Искрено не го разбирам насловот на Предлог-Одлуката каде се ограничува на некакви фази и со должина од само 100 метри !? Овие 100 метри не го решаваат воопшто проблемот со каналот во село Сингелиќ, кој е потенцијална опасност, има многу змии во тој канал и во голема опасност се сите домаќинства. Како совет ќе дадеме подршка, но да не испадне утре дека советот или градоначалникот се фалеле дека сме почнале со решавање на проблемот, напротив не се решава воопшто проблемот со каналот туку се прави само некаков мини плоштад.Тука нема никакво фазно решавање.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Целиот канал е 21 км. Неможе да има прва фаза, тој ободен канал несмее по закон да се покрива, затоа оваа Предлог-Одлука е на работ на законитоста. Освен тие 100 метра ништо друго несмее да са покрива.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

На седницата на комисијата немаше никава дискусија и се гласаше против оваа Предлог-Одлука, што само по себе укажува дека целата работа е диригирана од некаков центар на моќ.

Член на Совет - **Благе Данев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Да го корегирам колегата Ристов. На седницата на комисијата рековме дека ќе

се дискутира на самата седница на советот и не е точно дека гласавме против туку бевме воздржани.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ја дообјасни претходната дискусија.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Говорам дека во однос на ставот на советничката група при гласањето на седницата на комисијата и овие дискусии на самата седница на советот, неможеме да добиеме јасна слика каков е всушност ставот на советничката група.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Тој канал е голем проблем за граѓаните. Тие немаат никакви други очекувања освен решавање на проблемот со каналот. За да се реализира целиот проект се потребни околу 4 години, ако сега се започне и би чинел околу 2.000.000,00 евра. Треба да им биде јасно дека каналот не се прави, а се говори за тоа 2 години. Сите заедно како советници треба да издејствуваме решавање на овој проблем. Проблемот е многу голем и нема простор за политизирање на целиот процес

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе, проблемите ги знаат очигледно тие што директно истите и ги креирале.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

И ние имавме проблеми со ова прашање и затоа остана нерешено и граѓаните ни ја испорачаа фактурата. Јас ви гарантирам ако не почнете со решавање на ова прашање ќе имате голем проблем. Но со ова само ќе се замачка но нема да се реши проблемот.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ако добро ги читате материјалите посебно за овие две точки ќе приметите дека кофинансираме два проекти со средства од буџетот на општината кои всушност ги немаме во буџетот. Тоа е суштината. Ова треба да го работи државата преку АД Водостопанство кој располага со буџет од над 200.000.000,00 евра па што се за нив 21 км канал ?.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Дали ви е потребно пауза за да се договорите и да имате еден заеднички став за оваа точка ?.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Сите треба да се грижиме за буџетот на општината. Па одтука подобро е од нешто да се почне па биле тоа и 100 метра, отколку да носиме одлука за споменици.

Претседател на Совет -**Тони Бојковски**:

Од ова се плашев, рековте "почнуваме од некаде" а не се решава ништо и сега непотребно тука се политизира ова прашање.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Оваа точка ќе ја гласаме како советничка група. Пак ќе повторам оваа одлука е на работ на законитост. За уредување на тој канала има проект од пред 7 години и треба да се уреди со камени корита или "суво ѕидање".

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Се сложувам дека е тоа сложен процес. Јас само истакнав дека слушнавме различни мислења од советниците од истата советничка група.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Морам да и реплицирам на колешката Бубало затоа што спомна околу споменици. Па еве од оваа говоррница да ја прашам дали беше исто така загрижена и во дилема дали да се оди на Евровизија или со тие средства да се набават возила за брзата помош ?.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Колега Трајковски ќе ви одговорам приватно на ова прашање од причина што не сакам да го прекршам Деловникот за работа, затоа што не е точка за дискусија.

Член на Совет - **Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Спомнувате дека нема средства во буџетот. Тоа ќе го прашате градоначалникот. Средствата ќе се најдат ако наместо бесправни објекти, се гради легално со уплатени комуналии. Ова е безредие во општината.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Да предложам една иницијатива, а тоа е да направилме координативно тело кое ќе испита и ќе утврди колку има вкупно дивоградби во општината во последните 30 години. Ние имаме проблем во тој дел а тоа е ненаплата на комуналии и затоа немаме пари.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Димитровски велите да се вратиме 30 години наназад околу утвдување на дивоградби. Тука имаме бесправен објект кој во овој момент се гради (Електроелемент) а вие и целата ваша советничка група збор не кажавте за овој проблем. Затоа нема да се руши, тој е олигарх кој наместо да уплати комуналии тие пари ги дал на друго место. Истио случај е и со Пуцко Петрол кој доби дозвола за излез на сервисна улица а не на булевар, па сечеше дрва а вие колега Димитровски не реагиравте. Самиот сопственик се фали "никој не ми може ништо јас сум дал".

Член на Совет - **Сашко Цветковски** (коалиција предводена од СДСМ):

Упати забелешка за работата на поранешниот овластен градежен инспектор.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

И претходно ви реков дека разликата меѓу тогаш и сега е во тоа што граѓаните го казнија претходниот градоначалник. Зошто еднаш не ја осудивте изградбата кај Електроелемент.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: "Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100 метри преку делумно уредување и покривање на каналот во село Сингелиќ, Општина Гази Баба - I фаза", со **23 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 29.05.2019 година.

Комисијата предлага Советот **да не го донесе** следниот материјал:

- Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием и отстапување на донација, со **23 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Дојдовме до точката каде граѓаните можат да бидат спокојни. Општина Гази Баба ќе остане во Република Македонија. На референдумот на 30 септември 2018 година јасно го кажаа својот став. Како мнозинство во советот нема да подржиме никаква промена на статутот, грбот и знамето на општината и вметнување на вештачкото име. Оваа држава била е и за навек ќе остане Република Македонија.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Навикнавме на вакви сеанси и драматургии и секогаш ВМРО-ДПМНЕ задира во националните чувства. Години и години наназад се декларираше дека е за членство во НАТО и ЕУ, но никогаш не се заложи за тоа. Резултатот од таа затвореност се покажа и на парламентарните и на локалните избори. На референдумот позитивно се изјаснија повеќе од 650.000 граѓани. Тоа се покажа и на претседателските избори. Оваа партија нема сила да го запре евроатланскиот пат на РСМ. Светот не подржува како светол пример. Македонија оди напред, а ова тука знаете дека е гола политика. Уставот мора да се почитува и може да се доведе и во прашање нормалното функционирање на општината. Ако не се промени овој тренд и понатаму граѓаните ќе знаат тоа да го препознаат.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов, на последните изборите во Гази Баба изгубивте со над 6.500 гласови разлика. Преку изборен инженеринг победивте на начин на кој победивте. Кредитот допрва вие ќе го плаќате. ВМРО-ДПМНЕ има јасна цел за евроатланските интеграции, но не по цена на националните интереси. Поради изнесеното барам поименично гласање по двете точки за да остане запаметено кој е за а кој е против новото предавничко име Северна Македонија.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Во развиениот свет некој се бори со идеи и напредок а некој тука се бори со гола политика и пропаганда.

*Во понатамошниот тек на дискусијата учествуваа претседателот на советот - Тони Бојковски и членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

**Коментар од стручната служба:*

**Дискусиите кои не се однесуваат на точка од утврден дневен ред во изворна форма се достапни преку аудио записот како составен дел на записникот од седницата на советот.**

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | √ | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | √ | |
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. | *ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | √ | | |
| 20. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |
| 21. | *ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | *ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | √ | | |
| 27. | *ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | | |

*** Не биле присутни во салата во тек на гласање**

Советот **не го донесе** Предлог-Заклучокот за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба, со **7 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

**ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на оправданост за отпочнување на постапка за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата на барање на членот на Советот - Александар Трајковски, врз основа на член 90 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, ја стави на поименично гласање.

| Р.БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ЗА | ПРОТИВ | ВОЗДРЖАН |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ТОНИ БОЈКОВСКИ | | √ | |
| 2. | ДИЈАНА ИЛИЕВСКА | | √ | |
| 3. | ИВИЦА ПЕТРОВСКИ | | √ | |
| 4. | ВАЛЕНТИНА ПЕТРОВСКА | | √ | |
| 5. | РИСТО ДОНЕВ | | √ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | БЛАГЕ ДАНЕВ | | √ | |
| 7. | АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ | | √ | |
| 8. | ЗЛАТА ТАШЕВСКА | | √ | |
| 9 | МИЛКА ВИДОВСКА | | √ | |
| 10. | д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ | | √ | |
| 11. | ЕЛИЗАБЕТА СТОЈМЕНОВА | | √ | |
| 12. | АЛЕКСАНДАР ТРАЈКОВСКИ | | √ | |
| 13. | м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | | √ | |
| 14. | БЛАГОЈ АТАНАСОВ | | √ | |
| 15. | *РАСИМ АЛИ | | | |
| 16. | МИЛИЦА БУБАЛО | √ | | |
| 17. | *ЃОРЕ СТОЈКОВСКИ | | | |
| 18. | САШКО ЦВЕТКОВСКИ | √ | | |
| 19. | МАРТИНА НАУМОВСКА | √ | | |
| 20. | *БЕРАТ ВЕСЕЛ | | | |
| 21. | *ЗОРАН СТОЈАНОВ | | | |
| 22. | СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА | √ | | |
| 23. | ЈОРДАНЧО ТОДОСИЕВ | √ | | |
| 24. | *ДЕЈАН ДИМИТРОВСКИ | | | |
| 25. | СОФИЈА СЕТИНОВА | √ | | |
| 26. | м-р МАРТИН РИСТОВ | √ | | |
| 27. | *ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ | | | |

*** Не биле присутни во салата во тек на гласање**

Советот **не ја донесе** Предлог-Одлуката за утврдување на оправданост за отпочнување на постапка за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба, со **7 гласа "ЗА" и 14 гласа "ПРОТИВ"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Дваесет и четвртата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 16,45 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**